Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1306/2021

Дата....15 -09- 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Тетово, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на складишта за материјали за земјоделско производство (ѓубрива, инсектицид храна) на дел од КП 1339, КО Голема Речица – вон г.р., Општина Тетово.**

Вкупната површина на планираниот опфат изнесува 0,20 ha.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y17621** се составен дел на Решението.

3. Реализацијата за изградба на складишта за материјали за земјоделско производство (ѓубрива, инсектицид храна) на дел од КП 1339, КО Голема Речица – вон г.р., Општина Тетово, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност на максимално почитување и вградување на нормативните и стандарди за заштита на животна средина.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на складишта за материјали за земјоделско производство (ѓубрива, инсектициди храна) ,на дел од КП 1339, КО Голема Речица вон г.р, Општина Тетово, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на складишта за материјали за земјоделско производство (ѓубрива, инсектициди храна) ,на дел од КП 1339, КО Голема Речица вон г.р, Општина Тетово, задплжително да се земат во предвид претходнонаведените забелешки, како и забелечките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Тетово, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), ), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 37002 до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот **изградба на складишта за материјали за земјоделско производство (ѓубрива, инсектициди храна) ,на дел од КП 1339, КО Голема Речица вон г.р, Општина Тетово.** Вкупната површина на планираниот опфат изнесува 0,20 ha. Површината на планскиот опфат согласно Предлог Планската програма зафаќа **дел од КП 1339, КО Голема Речица вон г.р, Општина Тетово** и неговата местоположба е дефинирана во рамките на прикажан графички прилог.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Услови за планирање на просторот за изградба на складишта за материјали за земјоделско производство (ѓубрива, инсектициди храна) ,на дел од КП 1339, КО Голема Речица вон г.р, Општина Тетово, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1306/2021 од 03.09.2021 година.

Услови за планирање на просторот за изградба на складишта за материјали за земјоделско производство (ѓубрива, инсектициди храна) ,на дел од КП 1339, КО Голема Речица вон г.р, Општина Тетово и претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна